КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
COMMISSION ON PREVENTIOI AND PROTECTION AGAINS DISCRIMINATIOI

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-276/6
24.08 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр.0801-276 од 26.09.2019 година, поднесена од [redacted] против Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија (АНБ), Комисија за селекција и избор на работници од Управата за безбедност и контраразузнавање за работата во Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија за извршена директна дискриминација по основ на политичка припадност во областа на работата и работните односи како и членување и дејствување во синдикати, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 06.08.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**Не се утврдува директна дискриминација** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи како и во областа на членувањето и дејствувањето во синдикати, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани врз членство извршена од страна на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија односно од Комисијата за селекција и избор на работниците од Управата за безбедност и контраразузнавање за работата во Агенцијата за национална безбедност против [redacted].

## Образложение

Претставката за спречување и заштита од дискриминација заведена под број 0801-276 од 26.09.2019 година поднесена од [redacted] од Скопје, во која подносителот се жали дека е дискриминиран од страна на АНБ, при тоа го поднесува образложение дека уредно аплицирал на јавниот повик при Комисијата за селекција и избор на работници од Управата за безбедност и контраразузнавање за работата на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија но дека во постапката за добивање на безбедносен сертификат единствено добил усно образложение дека ќе добие негативна безбедносна проценка.

Врз основа на овој исказ, подносителот аргументира дека согласно со Законот за агенција за национална безбедност, член 189, став 1, *„На работникот на Управата за безбедност и контраразузнавање во Министерството за внатрешни работи, за кој со безбедносна проверка, во процесот на селекција од членот 186 од овој закон, ќе се утврди дека постои безбедносен ризик, му се доставува писмено известување со поука дека има право во рок од 48 часа да поднесе барање за преиспитување на постапката за безбедносна проверка.“*. Но, со оглед на тоа што подносителот наведува дека не добил такво објаснување на писмено, односно добил само усно известување, не можел да покрене жалба по одлуката а со тоа се извршило прекршување и на останатите одредби од овој закон односно целокупната процедура за избор и селекција на вработените била поставена врз дискриминаторска основа.

Затоа, согласно член 26 од ЗСЗД, на 28.05.2021, КСЗД до АНБ испрати известување дека против нив е поднесена претставка за заштита од дискриминација и побара да се изјаснат околу наводите во истата. На 24.06.2021 АНБ се изјасни по барањето и ни одговори дека *„именуваното лице со акт рег.бр. 02-1579/1 од 31.10.2019 година му е доставено Известување дека со безбедносна проверка за него е утврдено постоење*

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk

*на безбедносен ризик“* и дека *„со акт бр. 15-82/3 од 02.02.2021 година Дирекцијата за безбедност и класифицирани информации не извести дека лицето* [redacted] *ја повлекол согласноста за вршење оперативна безбедносна проверка поради што е побарано постапката да прекине“.*

КСЗД побара од АНБ дополнително да го доуреди одговорот со тоа што ќе ни го прати барањето за повлекување на согласност за вршење на оперативна безбедносна проверка од страна на лицето [redacted], по што од АНБ на 14.07.2021 година бр. 0801-276/5 ни беше посочено дека тоа е во надлежност на Дирекцијата за безбедност за класифицирани информации (Дирекцијата). Затоа, на 15.07.2021 КСЗД до Дирекцијата прати барање да ни го достави актот за повлекување на согласноста за вршење на оперативна безбедносна проверка по што на 03.08.2021 година Дирекцијата ни ја достави копијата на документот со кој лицето [redacted] ја повлекол согласноста за вршење на безбедносна проверка за пристап до строго доверливи класифицирани информации.

Во претставката до КСЗД, подносителот исто така ни наведе дека за прекршување на неговото право за поднесување на жалба по одлуката на Комисијата за селекција и избор на работници од Управата за безбедност и контраразузнавање за работата на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија ги известил и: Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, Комисијата за селекција и избор на работниците од Управата за безбедност и контраразузнавање, како и надлежните во рамките на УБК односно Одделот за контраразузнавање, Оддел за анализи и истражувања, Оддел за заштита на уставно уредување и спротивставување на тероризмот, Кабинет на управата и Оддел на УБК Скопје. Одговорите од овие органи дополнително ги побаравме од подносителот преку емајл на ден 12.08.2021 година а на 19.08.2021 година подносителот на претставката не извести дека ги нема овие документи.

Затоа, по разгледувањето на сите доставени документи КСЗД не можеше да утврди елементи за дискриминација и донесе мислење кое е споменато во диспозитивот.

Пратено до:

- [redacted] 1000 Скопје
- Агенција за национална безбедност, Комисија за селекција и избор на работниците од Управата за безбедност и контраразузнавање за работата во Агенцијата за национална безбедност, Ул. Димче Мирчев бр 9, 1000 Скопје

Претседателка на

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје